**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Wednesday, July 22, 2026 5:21 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Во врска со недобивање одговор на поднесена пријава во Телекабел]


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 16 | | |


Почитувани,

На ден 07.07.2026 се јавив четири пати во Телекабел, на телефонскиот број и тоа во 16:30, 16:34, 17:14 и 17:15 часот според часовникот на мојот телефон. Колку што се сеќавам, двапати зборував со оператор, а останатите двапати не добив никого.

Пријавив дека на истиот ден, неколку часа претходно, многу од меморираните ТВ канали на ТВ приемникот, приклучен на кабелската мрежа на Телекабел, беа избришани од меморијата и тоа за време на работата на телевизорот.

Така на пример, ако беше избришан ТВ каналот мемориран под број 4, при менување на ТВ каналите од долу нагоре со далечинскиот управувач, после каналот со број 3 беше прикажуван каналот со број 5.

Повторува, бришењето на меморираните канали настана автоматски, за време на работата на телевизорот. Каналите повторно се вратија на своето место веднаш откако беше извршено ново и целосно скенирање на сите фрекфенции.

Операторката од другата страна на линијата ми вети дека некој од Телекабел ќе ми се јави за да ме извести за причината за настанот. До денес, 22.07.2026, точно по 15 дена, никој не ми се има јавено.

После проверка на информации, мојот сомнеж е дека бришењето е извршено од страна системот на Телекабел. Бидејќи немам внатрешен пристап до информатичките системи на Телекабел, не можам да ја потврдам оваа информација, ниту да откријам дали бришењето е извршено од страна на вработен во Телекабел, било дали намерно или по грешка, или од страна на трети, надворешни субјекти, кои можеби имаат преземено делумна контрола врз информатичките системи на Телекабел, со или без дозвола на Телекабел.

Затоа барам од Агенцијата за аудио и аудиовизелни услуги да го потсети Телекабел да ја открие причината за оваа појава и истата да ми ја соопшти.

Особено важно е да се открие точната причина, зашто во некои сценарија можно е некои луѓе или системи создадени од некои луѓе да го дестабилизираат целиот систем на Телекабел (и на други оператори, фирми и институции) за многу кратко време доколку истиот е ранлив и доколку никој не ги открива причините за настанатите проблеми.

Податоци за приклучокот:

Име и презиме на претплатникот:
Адреса на приклучокот

Со почит,

--

This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is

believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Во врска со недобивање одговор на поднесена пријава во Телекабел
From:
Date: Wed, 22 Jul 2026 15:20:45 +0000
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>, Telekabel <telekabel@telekabel.net.mk>